# ОТЧЕТ 3 ГОДИНИ

## ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА









НОЕМВРИ 2021 - НОЕМВРИ 2024



## ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Драги мои сограѓани,
Жители на нашата убава Крива Паланка

Голема е чест, привилегија е да можете во одреден период од животот да работите и создавате за својот роден град, да можете да бидете дел од развојот на градот за добробит на генерациите што доаѓаат.

Јас, заедно со општинскиот совет и тимот од општината, ја имаме таа привилегија, да можеме во овој период од 3 години да бидеме во служба на граѓаните, да работиме во интерес на нашите сограѓани, на моите паланчани.

Секогаш е задоволство да работите за народот, особено, кога градот и општината ви се прираснати до срце. Кога сакате секое катче, секоја населба, секој сокак и секоја улица да чекорат во ист ритам – на развој, напредок и постојан прогрес.

За да биде така, се обврзавме на неуморна и посветена работа, со љубов и грижа за секој жител, работиме транспарентно, во консултација со граѓаните, ги препознаваме и одговараме на нивните потреби, ги слушаме нивните проблеми и изнаоѓаме решенија за истите, креираме мерки за сите категории граѓани, од најмлади до највозрасни.

Ден по ден, проект по проект, ја градиме и менуваме нашата убава Општина Крива Паланка.

Затоа што Крива Паланка е наш единствен дом.

Гордост е во периодот кога се навршуваат 3 години откако се обврзав да бидам во служба на моите сограѓани, да ги истакнам проектите со кои тоа го правиме.

Ги има многу, и тие дела се одраз на силната посветеност и љубов кон градот. За Крива Паланка да биде денес град што постојано расте, град за кој речиси и да не постои човек што го посетил, а да не се восхитува на чистотата, уреденоста, уживајќи и во чистиот воздух, природата, во духовните и историски богатства, во нашиот манастирски бисер „Свети Јоаким Осоговски", но и во културната програма што стана препознатлив белег на „Крива Паланка – Градот на културата" во државата за 2024 во годината кога прославивме значаен јубилеј „80 години слободна Крива Паланка".

Посветеноста на граѓаните е срʼжта на работењето на нашата општина, бидејќи граѓаните не се само двигатели на промени и носители на идеи, туку тие се и нашата смисла за делување. Нивното задоволство е наша обврска, а овие три години мислевме на секој еден граѓанин.

Градиме, инвестираме и вложуваме во: локални и регионални патишта, за подобро патно поврзување, километри и километри водоводи, канализации, капитални проекти...

Вложуваме во детска и спортска инфраструктура, во областа на социјална заштита, се грижиме за сите. Носиме мерки и за лица од ранливи категории и за возрасни, стари и изнемоштени лица.На меѓународен план ја негуваме добрата соработка со сите наши збратимени градови, реализираме заеднички Европски проекти со нашите традиционални партнери, го прошируваме семејството збратимени општини – градиме мостови на пријателство.

Со секој чекор, со секоја иницијатива, ја продолжуваме визијата за светла и просперитетна иднина, како ново сведоштво за наследството оставено од нашите претходници како аманет, продолжувајќи во обликувањето на место во кое среќно и задоволно ќе живеат идните генерации.

И не се зборовите тие што не обликуваат, туку делата што ги создаваме и што по нас остануваат да сведочат низ времето.

Во овој отчет се собрани сите проекти од разни области што ја моделираат сликата на градот, таква каква што е, што го прават ова наше убаво градче во пазувите на Осоговието посакувано место не само за посета, туку и за живеење.

А тоа е резултат на многу труд, многу љубов и силна посветеност, работа од срце и со срце за Крива Паланка.

Градот се развива и менува секој час, секој ден, секоја година. Го градиме со несмалено темпо нашиот заеднички дом што не обединува во радоста и успехот, но и во маките и предизвиците.

Нашата работа е секојдневно исполнување на должноста: да се работи со срце за градот во кој сме се родиле, кадешто твориме и создаваме, а света должност ни е да го оставиме подобро место за живеење за идните генерации.

Затоа што нам ни припаѓа должноста заедно да создаваме многу, да оставиме белег во времето, оддолжувајќи им се на сите оние што нам ни ја оставиле општината, оставајќи ја уште поубава за генерациите по нас.

Тоа е моја цел, целта на мојот тим кој работи неуморно, непоколебливо, беспоштедно и безрезервно за поубава општина за сите.

Работиме и продолжуваме да работиме од срце и со срце за Крива Паланка.

За нашата Крива Паланка – една и единствена!

Ваш Градоначалник
Сашко Митовски

## КРИВА ПАЛАНКА ВТОР НАЈЧИСТ И НАЈЗЕЛЕН ГРАД ВО ДРЖАВАТА

**Крива Паланка е прогласена за „Втор најчист и најеколошки град во државата за 2023“, признание доделено од страна на Швајцарската амбасада, „Балкан еко-институт“ и „Пакомак“. Општината е препознатлива по уреденост и јавна чистота, со уредени зелени површини и јавни простори, а 3 години по ред Програмите за хортикултурно уредување и јавна чистота бележат 100% реализација.**

1












Општината е препознатлива по уреденост и јавна чистота, со уредени зелени површини и јавни простори. За 3 години уредени и подигнати се над 20.000 метри квадратни нови зелени површини, засадени се над 2.500 листопадни и зимзелени садници. Заложбите за чиста и зелена општина се препознаени, носат високи резултати и креираат позитивен имиџ на градот.

















## КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА ЗА 2024

КРИВА ПАЛАНКА
ГРАД НА КУЛТУРАТА

**Крива Паланка е носител на престижната титула „Град на културата за 2024“. Посветени на разноликиот и висококвалитетен културен формат, годинава ја добивме довербата од Министерството за култура и гордо го носиме епитетот - културна престолнина во државата. Програмата опфаќа над 140 настани.**

**Традиционалните меѓународни манифестации, големите фестивали и настани од различни жанрови се дел од целокупната културна програма на градот – магнет за туристите и посетителите од земјата и соседството.**

**Во 2024 година- Крива Паланка наликува на голема културна сцена, а граѓаните имаа можност во „Градот на културата“ да ги проследат настапите на најпознатите македонски музички ѕвезди, актери, уметници, артисти од различни области и различни културни настани за сите генерации кои привлекоа бројна публика од државата и регионот.**

**Крива Паланка – во фокусот на медиумската јавност.**

1 Крива Паланка три години по ред е најубаво новогодишно украсен град во државата што наликува на блескава светска метропола и носи уникатна празнична атмосфера.






2 

Спектакуларното пристигнување на Дедо Мраз во Крива Паланка придонесува за стотици детски насмевки. Секојдневно работиме за таа неизмерна детска радост.

3 „Новогодишен базар“ - трето, најмасовно издание со музичко уживање и одлична забава за публиката









4 „Бадникови поворки 2024“, заедничка прослава со граѓаните и споделена празнична радост






5 Промовирана манифестацијата „Крива Паланка - Град на културата за 2024“





6 

Подарок за сите генерации - песна „Божиќ, видео запис за празничен подарок за граѓаните - влог во трајна музичка вредност

7 Традиционална манифестација „Богојавление - Водици“











8 Меѓународна манифестација „Невестинско поклонение на Св.Теодор Тирон“ - возобновена вековна традиција што ги негува пост-свадбените обичаи





9 „Сусурига“ - маскенбал, нововостановена манифестација посветена на празникот Прочка











10 „Првоаприлска шега“ - маскенбал и одбележување на Денот на шегата







11 „Велигденска традиција“ - манифестација што ги негува Велигденските обичаи и традиции и ги пренесува на младите генерации






12 Свечена академија по повод 24 Мај, во чест на Сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј, со доделување признанија за најистакнати просветни работници и ученици







13 

Меѓународен детски фолклорен фестивал „Паланечка тројка“

**14** „Баскерфест“ - најголемиот и најмасовен уличен фестивал







**15** Прво „Меѓународно ретро-шоу на олдтајмери“





**16** „Вечер на Осоговски песни“ - староградски песни од Осоговието





**17** Мултимедијален алтернативен фестивал „Гига фест“








18 „Шопско село“ - фолклор, традиција, фестивал на ракотворби и стари занаети








19 Меѓународен фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски“, чувар на раскошната ризница на македонските фолклор, бит и традиција, како и културната фолклорна разноликост на европските народи.







20 Меѓународна ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски“ - повеќедецениска реномирана манифестација етаблирана во државата и ширум Европа




**21** 16 издание „Меѓународен театарски фестивал Свети Јоаким Осоговски“












**22** Настап на магионичарот и илузионист, Кристијан Шопов






**23** Настап на познатиот жонглер и акробат - Дарко Ѓурчиновски




**24** Детска театарска претстава „Волшебникот од Оз“




**25** 11 издание на музички фестивал „Цојфест“






**26** Детски музички фестивал „Распеано симитче“







**27** Поддршка на младите музички таленти од градот - учество во шоуто „Ритамот на Европа“




28 Целовечерен концерт на македонската музичка поп-дива, Каролина Гочева




29 Стенд - ап шоу на актерот Сашко Коцев




30 Концерт на Андријана Јаневска и „Митан проект“



31 Целовечерен концерт на КУЗ „Карпош“





32 Прва песна посветена на градот „Моја Крива Паланка“, во изведба на Дац и Александар, во придружба на КУЗ „Распеани Паланчани“. Финансирана од Буџетот на општината.





33 Голем музички концерт по повод празникот на градот, 28 август - настап на Балканската музичка ѕвезда, Северина






34 Концерт „Македонијо во срце те носиме“ на „Скендеровски продукција“






35 Концерт на НУ Камерен оркестар на Битола со „Најубавите песни од Тоше Проески“




**36** „Средновековен фестивал” , дел од проектот “Одржливо искористување на културното наследство на Крива Паланка и Дупница”, ИПА Програма на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Бугарија и Р.С.Македонија











**37** Одбележување на Денот на полицијата, 7 Мај







**38** За прв пат комплетна опера во Крива Паланка- „Трите тенори и уште нешто...“ - Камерна опера на Благоевград





**39** Меѓународна поетска манифестација „Лирски треперења“





40 Свечена Академија „80 години слободна Крива Паланка“ по повод 8 Октомври - Денот на градот, со доделување на највисоката општинска „Осмооктомвриска“ награда и признанија за посебен придонес и афирмација на општината











41 Традиционална гастрономска манифестација „Шопска софра“




42 Министерот за култура и туризам, Зоран Љутков со поддршка за реализацијата на богатата програма на манифестацијата „Крива Паланка - Град на културата за 2024“





43



Видео-запис за трајната вредност на староградската кривопаланечка песна „Блазе тебе малој моме“, во ново руво

**44** Свечено одбележување на големиот државен празник 2 Август – Илинден




**45** Свечено одбележување на 8 Септември- Денот на независноста на државата





**46** Свечено одбележување на Денот на градот- 8 Октомври, ослободување на Општина Крива Паланка





**47**



Крива Паланка доби уште еден светец-закрилник со извршената канонизација на Преподобниот игумен Јоаким Крчовски.

**48**



Прва заедничка архиерејска литургија во чест на патрон-празникот на Свети Јоаким Осоговски во сослужение на архиереите од МПЦ и СПЦ

**49** Меѓународна трилатерална погранична средба „Краиште“





50 


Проект: Изработка на дигитален визуелен водич на туристички локалитети, угостителски и сместувачки капацитети на територија на Општина Крива Паланка
Вредност: 60.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

## СЕРИОЗЕН ИСЧЕКОР ВО УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ГРАДОТ

**Градот се менува и развива континуирано. Нов, сериозен, исчекор во урбанистичкото планирање направивме со – по половина век донесениот, нов ГУП (Генерален урбанистички план) за град Крива Паланка.**

1 

Донесен нов Генерален урбанистички план ( ГУП ) на град Крива Паланка по речиси половина век. Крива Паланка работеше по ГУП од 1976 година, а новиот ГУП за период 2019-2029 година, со површина од 659 хектари со 42 блокови за детално плнирање значи дека овој стратешки документ за градот конечно отвора нови можности за развој и нов урбан лик на општината. Значи нови проекции за градот и отворање ново поглавје од урбаното и модерно живеење на Крива Паланка. Новиот ГУП овозможува современо планирање и флексибилност во спроведувањето и намените на деталните планови, значи рационална, функционална и хумана организација на просторот и претставува отворени проекции за рамномерен развој на урбаните единици во градот.

2 

Донесен е Урбанистички план за вон населено место за изградба на хотелски комплекс згради и викенд куќи на туристичкиот локалитет Калин Камен - село Б`с, со површина од 1,28 ха, финансиран од страна на физички лица.

3 Изработката на новиот ГУП овозможува реален и интензивен урбан развој, модернизација и економско зајакнување на Општина Крива Паланка. Новиот ГУП на Крива Паланка значи реален урбан развој на градот. Преку новот ГУП -отворена можноста за носење детални урбанистички планови, а Крива Паланка ја доби и првата приватна инвестиција по долги години, станбено-деловен објект кај ЈП „Македонија пат“. На површина од 10 000 м2 се гради објект за колективно домување на 7 ката, со 100 станбени единици, деловен и паркинг простор. Објектот е приватна инвестиција што ќе одговори на реалните потреби на жителите, особено младите од општината.







4 Во постапка е донесување на Урбанистички план вон населено место, за изградба на локална депонија за одлагање на инертен отпад (градежен шут) и изградба на стационар со ординации за домашни миленичиња во с.Конопница.
За оваа намена Општината вложи 3.000.000 денари за откуп на земјиште.

## ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ПАТНА МРЕЖА

**Клучни за развој и урбанизација се бројните проекти за обнова на локална и регионална патна мрежа. Изминатите 3 години инвестиравме импозантна сума, над 5.000.000 евра за реконструкција на над 40 локални улици и патишта.**

**Во 2024 година за патна инфраструктура вложуваме над 90 милиони денари.**

1 Проект: Регионален патен правец с.Метежево – с.Огут, рехабилитиран по 40 години, обезбедено патно поврзување на жители од 4 села
Вредност: 15.000.000 денари
Финансиран од: ЈПДП









2 Проект: Регионален патен правец Спасена - село Луке 4.4 километри, рехабилитиран по 40 години
Вредност: 16.000.000 денари
Финансиран од: ЈПДП







3 Проект: Изградба на патен правец с. Б’с – Кошари, 2 километри
Вредност: 13.000.000 денари
Финансиран од: Биро за Регионален Развој и буџет на Општина Крива Паланка





4 Проект: Изградба и асфалтирање на локален патен правец кон градски гробишта
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: Светска Банка




5 Проект: Асфалтирање локален пат во село Конопница, улица „Вршачка“
Вредност: 3.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка





6 Проект: Рехабилитација на локален пат во населба Лозаново
Вредност: 3.500.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка




7 Проект: Рехабилитација на дел од улица „Херој Карпош“
Вредност: 700.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка




8 Проект: Асфалтирање на ул.„Кочо Рацин“
Вредност: 2.500.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка




9 Проект: Изградба на улица „Пиринска“, населба Единство
Вредност: 3.500.000 денари
Финансиран од: МТВ - Програма за поддршка и имплементација на декада на Ромите и Буџет на Општина Крива Паланка




10 Проект: Изградба и асфалтирање на локален пат во населба Мизовски Ливади
Вредност: 16.000.000 денари
Финансиран од: ТАВ програма




11 Проект: Уредување и тампонирање на 2 неформални паркинг простори во речно корито на Крива Река
Вредност: 2.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка





12 

Проект: Поставување еластична одбојна ограда во: Белевски дол, Скрљавски дол и ул. „Кочо Рацин“
Вредност: 2.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

13 

Поставена еластична ограда на ул. „Св. Јоаким Осоговски“
Вредност: 2.800.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

**14** Проект: Изградба и асфалтирање на локален пат во село Конопница, маала Чивл'к
Вредност: 5.000.000 денари
Финансиран од: ТАВ програма




**15** Проект: Асфалтирање 1.5 километри пат во село Кркља
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: БЗРР





**16** Проект: Уредување на влез и пристап на градски пазар, површина - 4000 м2
Вредност: 6.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка




**17** Проект: Асфалтирање на ул.„Ристена Гогова" , населба Баглак
Вредност: 1.800.000 денари
Финансиран од Буџет на Општина Крива Паланка





**18** Проект: Реконструкција и рехабилитација на 3 километри постоен пат во село Мождивњак, од клучка со магистралниот пат А2 до м.в. Дубје
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: МЛС и СИПР



19





Проект: Тампонирање и санација на селски патишта во село Конопница (Крстата падина)
Вредност: 1.000.000 денари
Финансиран од: СИПР

Проект: Тампонирање пат во село Конопница, маала Трнци
Вредност: 1.000.000 денари
Финанисран од: МЗШВ

Проект: Тампонирање  пат во населба Мизовски Ливади
Вредност: 1.400.000 денари
Финансиран од: СИПР

Проект: Делумно пробивање, изработка на долен строј и тампонирање на патен правец: голема кривина на пат кон манастирот - кон м.в. Црвена Нива
Вредност : 1.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

20

Проект: Поставување вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на ул.„Свети Јоаким Осоговски“
Вредност: 500.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка





21




Проект: Изградба на потпорни ѕидови и санација на свлечишта на: ул.„Никола Тесла“, ул. „Баглачка“, ул. „Калин Камен“ и ул. „Осоговска“
Потпорен ѕид на повеќенаменско игралиште во м.в.Дубје
Потпорен ѕид на крак од ул. „Херој Карпош“ во Трновска маала санација на свлечиште во населба Скрљава
Вредност: 5.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

22

Просторот од над 4000 м2 под комплексот згради тампониран и уреден




23 Проект: Рехабилитација на улица „Св.Јоаким Осоговски“ - од Осички Мост до мотел „Македонија“
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: СИПР преку БЗРР



24 Рехабилитиран магистрален пат А2, дел од Коридор 8, Крива Паланка - ГП Деве Баир.
Вредност: вреден 12.2 милиони евра
Финансиран од: ЈПДП, грант 2,4 милиони неповратни средства и заем од ЕБОР









25 

Проект: Санација на калдрма / Реконструкција на улица „Моша Пијаде“
Вредност: 2.500.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

26 

Проект: Започнаа градежните активности за изградба на 300 метри локален пат во населба Скрљава.
Финаниран од: Буџет на Општина Крива Паланка

27 Проект: Изградба на локален пат село Б‘с - Кошари, фаза 2 - должина 2 километри
Вредност: 10.000.000 денари
Финансиран од: БЗРР





28 Проект: Реконструкција и рехабилитација на три улици во населба Осичка Маала
Вредност: 10.000.000 денари
Финансиран од: Развојна програма - Буџет на Општина Крива Паланка

-ул.„8 Септември“, од „ДА-БО“ до комплекс згради




-ул.„ Моша Пијаде“ со крак под зградите




-ул.„Партизанска“ од „ДА-БО“ до автоперална




29 Проект: „Проширување со изградба и реконструкција на централната градска улица на потегот од Соларски мост до нас.„Единство“
Вредност: 35.000.000 денари
Финансиран од: МТВ со средства од Светска банка




30 Проект: Реконструкција на улица „Гоце Делчев“ и крак кон Дреначка маала
Вредност: 7.500.000 денари
Финансиран од: МТВ и Буџет на Општина Крива Паланка





31 Проект: Рехабилитација на 6 улици во населба Илинден и замена на водоводна инсталација со полиетиленски цевки
Вредност: 18.000.000 денари
Финансиран од: Министерство за транспорт и врски

Улица „17-та Македонска ударна бригада“




Улица „Димитар Влахов“




Улица „Ѓорче Петров“





Улица „Чупино брдо“




Улица „Наско Тамбурков“







Улица „3-та Македонска ударна бригада“

32 Проектот: „Создавање услови за развој на урбаните подрачја во Крива Паланка“ со кој е извршена изградба и реконструкција на овие 4 улици
Вредност: 15 000 000 денари
Финансиран од: Биро за регионален развој

Асфалтирана улица „Осоговска“




Изградена и асфалтирана пристапна улица „Баглачка“





Асфалтирана ул.„Македонска“




Асфалтирана ул.„Климент Охридски“




33 По невремето - инженерскиот вод на АРМ, ЈП Македонија пат и економски оператори извршија:
-санација на патните правци во селата: Подржи Коњ, Луке, Голема и Мала Црцорија, Трново, Киселица, Добровница, Осиче, Жидилово, Кркља, Узем, Мартиница, Спас - Крст, Градец, Борово, Огут, Нерав, Габар, Дренак, Конопница и Т’лминци
-тампонирање на патни правци: Црвена Нива - село и село Градец – Милевци





## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ТРОТОАРИ

**Уредуваме во урбаниот, но и во секој дел од општината. Инвестиравме 39.000.000 денари за 3 години во изградба на пешачки патеки со нови локации што нудат можности за рекреација на жителите и посетителите.**

1 Проект: Уредување на пешачка патека „Бабин Дол“ кон манастир „Св.Јоаким Осоговски“
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: ЕУ-фондови, ИПА програма за прекуграничната соработка со Бугарија






2 Проект: Уредување на пешачка патека „Стара вада“
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: Североистичен плански регион преку БЗРР






3 Проект: Уредување на локалитет Станечки водопади и пробивање пешачка патека до Калин Камен
Вредност: 3.000.000 денари
Финансиран од: ЕУ –фондови, ИПА програма за прекуграничната соработка со Србија




4 Проект: Изградба на тротоари на влез и излез на Крива Паланка
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: СИПР





5 Проект: Изградба на пристапни скали во населба „Баглак“ и „Трновска Маала“
Финансии обезбедени од Буџет на Општина Крива Паланка




## ИЗГРАДБА НА РЕЧНИ КОРИТА, ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ, РЕГУЛАЦИЈА НА ДОЛОВИ

**Изминатите 3 години ќе бидат запаметени по инвестираните над 100.000.000 денари за уредување речни корита, водоводи и канализациски системи.**

1 Проект: Изградба на минор корито на Крива Река - фаза 3 и 4 и изградба на пешачки мост
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: 6.500.000 денари од Светска Банка и 4.500.000 денари од МЖС







2 

Проект: Изградба на канализациона мрежа во село Мождивњак
Вредност:2.500.000 денари
Финаниран од: МЖС

3 Проект: Изградба и регулација на Домачки Дол
Вредност: 7.000.000 денари
Финансиран од: МЖС





4 Проект: Изградба на систем за наводнување на земјоделско земјиште
Вредност: 24.000.000 денари
Финансиран од: МЗШВ и ЕУ



5




Проект: Инсталација на систем за намалување на загубите на вода
Вредност: 15.000.000 денари
Финансиран од: МЖС

6



Проект: Изместување на главен лев колектор, од градски пазар до населба Бегови Бавчи
Вредност: 8.000.000 денари
Финансиран од: МТВ

7 Проект: Изградба на атмосферска и фекална канализација на ул. „Македонска“ - населба Баглак
Вредност: 4.000.000 денари
Финансиран од: МЖС





8 Проект: Изградба на регулација на минор корито на Крива Река, 4 фаза, во должина од 463 метри, од спортски комплекс до градски базен. Комплетирано уредувањето на целокупниот проектиран дел на речното корито во централното градско подрачје
Вредност: 16.000.000 денари
Финансиран од: БЗРР






9 Проект: Изградба и регулација на Куков Дол
Вредност: 4.000.000 денари
Финансиран од: МЖС и Буџет на Општина Крива Паланка





10 Потпишан договор за проект:
Изградба на дел од канализациона мрежа во село Конопница, маала Трнци
Вредност: 7.000.000 денари
Финансиран од: МЖС и Буџет на Општина Крива Паланка

## ВО ФАЗА НА ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

Обезбедени се нови 60.000.00 денари за изградба на нови водоводни линии:
- Вирови - Грамаѓе, село Конопница
- Канализациона линија ул.„8 Октомври“
- Доградба на водоводна линија Крива Паланка село Конопница

## ВО ФАЗА НА ПРОЕКТИРАЊЕ

Проектираме нови водоводни линии, регулации и колекторски системи:
-Колекторски систем со пречиситителна станица за отпадни води на Крива Река, обезбедени 5.000.000 денари од МЖСП
-Изградба и регулација на водоводна линија Калин Камен;
-Изградба на водоводна линија во село Мождивњак
-Изградба и регулација на дол кај Марнес - поранешна фабрика „Карпош“ и „Треска“

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕТТЕ ГРАДСКИ МОСТОВИ

**Нов, модерен, урбан лик на централното градско подрачје со проектот за реконструкција на петте градски мостови, проекти со вкупна вредност од 40.000.000 денари обезбедени од Владата. Проектите придонесуваат за модернизација на Крива Паланка, влог во Европскиот лик на градот.**

1 Проект: Реконструкција на Шанин, Виолетов и Осички Мост
Вредност: 26.000.000 денари
Финансиран од: Влада на Р.С.Македонија















2 Проект: Реконструкција на Градечки и Соларски мост
Вредност: 14.000.000 денари
Финансиран од: ТАВ програма







## ДЕТСКА ЗАШТИТА И ГРИЖА ЗА НАЈМЛАДИТЕ

**Грижата за најмладите е врвен приоритет. Во област на детската заштита инвестирани се над 32.000.000 денари за 3 години за реализација на капитални проекти.**

1 Проект: Проширување со надградба на нов кат на ОЈУ детска градинка „Детелинка“, објект „Поточиња“
Вредност: 25.500.000 денари
Финансиран од: Светска банка и МТСП, Буџет на Општина Крива Паланка







2 Проект: Реконструкција на под, санитарии, електрична инсталација, обнова на кујна во детска градинка „Детелинка“
Вредност: 3.300.000 денари
Финансиран од: Донација од Амбасада на Јапонија





3 Проект: Набавка и инсталација на нова опрема во централната кујна на ОЈУДГ „Детелинка“ - објект „Пролетна роса“
Вреднсот: 1.800.000 денари
Финансиран од: МТСП






4 Проект: „Среќата се споделува“ - доделени новогодишни пакетчиња за најмладите од детската градинка и основците од подрачните училишта. Доделени пакети со намирници и храна за 10 семејства од ранливи категории од општината.






5 Традиционално доделување новогодишни пакетчиња за дечињата од градинката „Детелинка“ и корисници на Дневен центар за лица со попречености
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка






## ОБРАЗОВАНИЕ

**Во областа на образование вложуваме многу, за 3 години инвестиравме над 23.000.000 денари во образовна инфрастуктура. За првпат воведовме многу нови мерки и субвенции.**

1 Проект: Реконструкција на зграда во ПОУ Св.Јоаким Крчовски во село Луке
Вредност: 7.000.000 денари
Финансиран од: Буџет од училиштето од блок дотациите од МОН





2 Комплетно реконструирани и реновирани 3 спортски соблекувални, 3 канцеларии, 4 простории во подрумски дел: 2 училници и магацински простор во ООУ „Св. Јоаким Крчовски“
Вредност: 2.800.000 денари
Финанисран од: Буџет на училиштето и блок дотации од МОН





3 Проект: Изградба на спортски терен во ПОУ “Илинден“, село Конопница
Вредност: 5.100.000 денари
Финансиран од: Буџет на училиштето





4 Проект: Уредување на дворот и спортскиот терен со поставување на заштитна ограда во ООУ „Св.Јоаким Крчовски“
Вредност: 7.500.000 денари
Финаниран од: Буџет на училиштето





5 

Проект: Реконструкција на фасада и обнова на спортски терен во ООУ „Св.Јоаким Крчовски“ - објект „Партизан“
Вредност: 7.000.000 денари
Финансиран од :МОН

6 

Проект: Опремување на прва сензорна соба во ООУ „Илинден“ со адаптација на простор за потребите на учениците
Вредност: 250.000 денари
Финансиран од: Фондација „Чекор по чекор” и ООУ „Илинден“

**За првпат воведовме многу нови мерки и субвенции финансирани од Буџетот на општината со кои директно им помагаме учениците и нивните семејства.**

7 Еднократна парична помош од 5000 денари, ранец и училишен прибор за секое првооделенче
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка во соработка со општествено-одговорна компанија





8 Проект: Набавка на униформи за секој ученик од основните и средното училиште во Општина Крива Паланка за учебната 2024/2025
Вредност: 3.500.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка







9 Еднократна парична помош за секој матурант од СОУ „Горче Петров“
Вредност: 3.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка



10 За првпат од учебната 2024/25 година, воведена финансиска поддршка од 2.000 денари девет месеци во годината, за секој ученик од прва година во СОУ „Горче Петров“. Мерка што носи директна поддршка на семејствата на средношколците. Целта е младите да го продолжат образованието тука, во родниот град.



11 Проект/програма: Стипендирање и поддршка за талентирани ученици, студенти и спортисти



## СОЦИЈАЛНА ПРОГРАМА

**Преку социјалната програма покажуваме вистинска грижа за ранливите категории и лица во социјален ризик, за подобри услови во социјалната сфера континуирано инвестираме значајни средства и во инфраструктурни проекти.**

1 Проект: Дневен центар за престој на стари лица и активно стареење-Крива Паланака доби прв Дневен центар за стари лица -подобрени се социјалните услуги за возрасните
Вредност: 5.700.000 денари
Финансиран од: МТСП и Буџет на Општина Крива Паланка











2 Проект: Изработка на проектно - техничка документација за изградба на Дом за стари лица





3 Проект: Нега и грижа на стари лица во домашни услови - грижа за највозрасните граѓани
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: МТСП





**Воведовме субвенции за ранливи категории, издвојуваме буџетски средства за нови мерки. За првпат, воведени се пакет мерки за поддршка на ранливи кактегории, лица со попречености и лица во социјален ризик.**

4 

Еднократна парична помош за секое семејство со новороденче со место на живеење во Крива Паланка
Вредност: 5.000 денари
Финансирана од: Буџет на Општина Крива Паланка

5 

Еднократна финансиска поддршка за лицата со попречености по повод Меѓународниот ден на лица со попреченост, 3 Декември
Вредност: 3.000 денари
Финанисрана од: Буџет на Општина Крива Паланка

6 

За првпат овозможивме и финансиравме со буџетски средства- бесплатен летен одмор за дечиња во социјален ризик
Вредност: 500.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

7 

Ваучери за купување гардероба за корисниците на Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост и лица згрижени во згрижувачки семејства
Вредност: 300.000 денари
Финансирана од: Буџет на Општина Крива Паланка

**ОДБЕЛЕЖУВАЊА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ДАТУМИ - СЕКОГАШ ЗАЕДНО СО ГРАЃАНИТЕ**

**Општина Крива Паланка редовно ги одбележува значајните датуми и секогаш им укажува посебно внимание, чест и почит на сите граѓани.**

8 Посета на првото новороденче од Општина Крива Паланка







9



Традиционален заеднички ручек со корисниците од Дневниот центар Крива Паланка по повод 3 Декември, Меѓународен ден на лица со попречености

10 Традиционален Божиќен ручек со ранливи категории лица во социјален ризик





11 Посета и укажување чест на дами од општината по повод 8 Март - Меѓународниот ден на жената





12 Осмомартовски коктел и дружење со пензионерките од општината





13 Одбележување на Меѓународниот Ден на Ромите, прослава и свеченост во чест на 8 Април





## СПОРТ И МЛАДИ

**Општината покажа вистинска грижа за младите и спортот, вложувајќи во субвенции за млади и спортска инфрастуктура за подобри услови - за здрави млади генерации.**

**За три години вложивме над 20.000.000 денари за спортска инфраструктура.**

1 Проект: Поставување фитнес – зона на спортски комплекс
Вредност: 3.000.000 денари
Финансиран од: АМС





2 Проект: Изграден памп-трак полигон за велосипеди на спортскиот комплекс преку „Зајакнување на општинските совети-фаза 2“
Вредност: 4.000.000 денари
Финансиран од: МЛС преку Швајцарска агенција и УНДП, Буџет на Општина Крива Паланка




3 Проект: Ново мултифункционално игралиште во село , м.в.Дубје. Современи и модерни услови за спорт и рекреација
Вредност: 7.000.000 денари
Финансиран од: Агенција за млади и спорт






4 По десет години, официјално ставен во функција градскиот базен во Крива Паланка, пливачка школа и школа за ватерполо





5 Проект: Уреден првиот спортски терен за мал фудбал со вештачка трева во општината
Вредност: 3.600.000 денари
Финансиран од: Развојната програма на Општина Крива Паланка









6




Проект: Замена на осветлување во спортска сала „Бранители 2001“, поставени штедливи светилки
Вредност: 300.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

7




Проект: Поставување заштитна ограда на градскиот стадион, уредување на просторот околку спортскиот комплекс
Вредност: 300.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

**Донесовме бројни нови мерки и субвенции за поддршка на младите и спортистите.**

8



Субвенции за купени дигитални уреди за студенти
Вредност: 6.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

9



Субвенции за купени дигитални уреди за млади невработени лица до 29 години
Вредност: 9.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

10



Финансиска помош при купување велосипеди за девојчиња и момчиња
Вредност: 4.000 денари

11



Обезбедени бесплатни термини за млади за користење спортски терени и сала

12 Програма: Стипендирање и поддршка на талентирани и успешни спортисти





**Спортот е промотор, а спортистите – амбасадори на градот. Реализираме спортски настани и манифестации за промоција на здрави спортски генерации.**

13 Проект: Формиран општински клуб во мал фудбал „Осогово 2022“
Вредност: 300.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка



14 Одржана нова спортско-рекреативна манифестација за најмладите „Фудбал за сите“





15 Првомајски крос





16 Трет општински турнир во мал фудбал














**17** Крива Паланка, единствен град домаќин на традиционаланиот солидарен француски караван „Еуроп Ред“





**18** Традиционален меморијален фудбалски турнир во чест на загинатите бранители од 2001.







**19** Директно ги поддржуваме со буџетски средства, годишно вложуваме 2.200.000 денари за спортските клубови и работници, за развој и унапредување на спортот во Општина Крива Паланка.




















## Општина Крива Паланка - трета во државата „Општина пријател на младите”

**20** Традиционално „Матурско дефиле“ - заедничко дружење со матурантите од градот





**21** 


Меморандум за соработка со „Макпетрол“ за едукација на млади од градот - заеднички пристап кон детекција и спречување на врсничко насилство помеѓу младите.

**22** Отворен ден за млади по повод Меѓународниот ден на млади -Младите се иднината на општината







**23** 

Споделуваме искуства со најмладите, учениците гости на Општина Крива Паланка на практичен час по граѓанско образование

**24** Националниот младински совет ја рангираше Општина Крива Паланка на трето место во државата - „Општина пријател на младите” од вкупно 80 општини во државата, според официјалната анализа од индексот за социјална инклузија на младите на локално ниво што го спроведува Националниот младински совет со поддршка од ЕУ.
Признанието е резултат на позитивните практики на младинско учество и делување на младите на локално ниво, мерките и програмските активности на општината за поддршка на млади, што беа високо рангирани во мониторинг-извештајот за имплементација на законот за младинско учество и младински политики.

Општина Крива Паланка е лидер во Североисточниот регион според поддршката што ја пружа на младите.



настроени кон младите и тоа Општина Охрид, Гостивар, Крива Паланка, Струмица и Гевгелија.

| Ранг | Општина | Процентни поени |
|---|---|---|
| 1 | Охрид | 93 |
| 2 | Гостивар | 85 |
| 3 | Крива Паланка | 74 |
| 4 | Струмица | 73 |
| 5 | Гевгелија | 71 |
| 6 | Теарце | 70 |
| 7 | Кавадарци | 69 |
| 8 | Кратово | 66 |
| 8 | Кочани | 66 |
| 10 | Дојран | 65 |
| 10 | Тетово | 65 |
| 12 | Боговиње | 64 |
| 13 | Делчево | 63 |



## ДЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

**Детската радост нема цена. Инвестираме во нова детска инфраструктура како никогаш досега. Од ниту едно детско урбано катче во општината, за 3 години изградени и уредени се 10 нови детски катчиња со спортски терени, инвестирани се 8.000.000 денари, а до крајот на мандатот секое населено место ќе добие урбано катче за најмладите, проектирани се 8 нови катчиња за деца.**

1 Детско катче во населба Лозаново
Вредност: 1.500.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка





2 Детско катче во градски парк и плоштад
Вредност: 500.000 денари
Финансирано од: донација од Амбасада на НР Кина





3 Детско катче во населба Маневци
Вредност: 500.000 денари
Финансирано од: Градоначалник на Општина Крива Паланка





4 Детско катче во дворот на ОЈУДГ „Детелинка“, објект „Поточиња“
Вредност: 400.000 денари
Финансирано од: донација од Флекс Кредит






5 Детско катче и спортски терен во населба Илинден
Вредност: 1.500.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка





6 Детско катче во дворот на градинка „Детелинка“, објект „Пролетна роса“
Вредност: 400.000 денари
Финансирано од: Проект „Ромактед-фаза2“





7 Спортски терен и детско игралиште кај Метеоролошка станица, на површина 1800 м2
Вредност: 1.700.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка





8 Детско катче и спортско игралиште во населба Скрљава,  м.в.Болничка ливада
Вредност: 600.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка





9 Детско катче и спортски терен во населба „Единство“, кај комплекс згради
Вредност: 600.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка и проект: „Ромактед-фаза2“





10 Детско катче во градски парк , 180 м2 површина
Вредност: 2.100.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка





11 Проект: Изградба детско урбано катче и прв парк за домашни миленици на спортски комплекс
Вредност: 3.800.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка





## ДЕТСКИ КАТЧИЊА ВО ФАЗА НА РЕАЛИЗАЦИЈА

12 Во 2024 од Развојната програма на Општина Крива Паланка ќе се изградат 8 нови детски катчиња, од кои во фаза на реализација се:
- детско катче во нас. Домачки Дол
- детско катче нас.Осичка маала
- детско катче во нас.Бавчал‘к
- детско катче и спортски терен кај станица за технички преглед
- детско катче и спортски терен село Конопница, м.в.Тополки

## ИЗГРАДБА НА КАТНИ ГАРАЖИ И ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ

**Со проекти во вкупна вредност од 140.000.000 денари го решаваме горливиот проблем со недостиг на паркинг места во централното градско подрачје. Реализираме уште едно клучно ветување од предизборната програма, решаваме горлив проблем на граѓаните.**

1


Донесен е сообраќаен проект за воведување на зонско паркирање во централното градско подрачје, со цел решавање на сообраќајниот метеж во Крива Паланка, што е еден од клучните приоритети на Општината.

2 Крива Паланка ќе добие две модуларни катни гаражи, за конечно решавање на проблемот со недостиг од паркинг места во градот. Со проектна документација аплициравме на повик на Владата за поддршка на општините за катна гаража кај градски зелен пазар и покривање на зелениот пазар. Општината работи и на проект за изградба и поставување на модуларна катна гаража и кај градската автобуска станица.

Проект: Изградба на катна гаража со челична конструкција на локација зелен пазар
Вредност: 100.000.000 денари
Финансиран од: Влада на РСМ




## ИПА ФОНДОВИ

**Капацитетите на општината за Европски проекти ја прават Општина Крива Паланка лидер во државата во искористување на ИПА – фондовите на ЕУ за прекугранична соработка, проекти реализирани во соработка со традиционалните партнер-општини од соседните држави.**

1 Проект: Уредување на пешачка патека „Бабин Дол“ кон манастир „Св.Јоаким Осоговски“
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: ЕУ-фондови, ИПА програма за прекуграничната соработка со Р.Бугарија



2 

Проект: Уредување на локалитет Станечки водопади и пробивање пешачка патека до Калин Камен
Вредност: 3.000.000 денари
Финансиран од: ЕУ –фондови, ИПА програма за прекуграничната соработка со Србија

3 Проект: Партерно уредување на училиште во туристичко-историски локалитет Градец
Вредност: 6.000.000 денари
Финансиран од: ИПА програма, Р.С.Македонија - Р.Србија





4 Проект: „ПАРКС“ - изградба на урбан зелен парк под зградите кај градскиот зелен пазар
Вредност: 23.600.000 денари
Финансиран од: ИПА програма Р.С.Македонија и Р. Бугарија







5 Проект: Изградба на Адреналински парк во Калин Камен
Вредност: 17.000.000 денари
Финансиран од: ИПА програма Р.С.Македонија со Р.Бугарија







## НАБАВКА НА ОПРЕМА И ОПРЕМУВАЊЕ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

**За подобар квалитет на услугите на јавните претпријатија континуирано вложуваме во набавка на опрема и возила. За 3 години инвестирани се над 45.000.000 милиони денари.**

1 Проект: Специјализирани возила за чистење јавни површини: трактор со метларка и мулчер за кастрење гранки, метларки, правосмукалки и косачки
Вредност: 12.000.000 денари, 6.000.000 денари од ЈП Комуналец и 6.000.000 денари од Буџет на Општина Крива Паланка









2 Проект: Набавка на специјализирано возило за чистење снег
Вредност: 3.000.000 денари
Финансиран од: БЗРР




3 Проект: Набавка на нови 195 корпи за отпадоци
Вредност: 650.000 денари
Финансиран од: Донација Амбасада на НР Кина и Буџет на Општина Крива Паланка




4 Проект: Набавка на урбана опрема во градскиот парк: клупи, видиковец, платформа за културни настани
Вредност: 600.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка





5 Проект: „Зајакнување на општинските совети-фаза 2“. Инсталирана современа аудио и видео опрема за пренос на седниците на Советот. Технологија и иновации за подобра работа на општинскиот совет и транспарентност во носење локални одлуки.
Вредност: 800.000 денари
Финансии од: МЛС и УНДП




6 Проект: Поставување фотоволтаични панели на пет јавни институции:
- ОЈУДГ “Детелинка”- објект „Пролетна роса“
- ООУ “Јоаким Крчовски”- зграда “Партизан”
- ЛУ Градски музеј Крива Паланка;
- Општина Крива Паланка и
- ОУД „Боро Менков“

Вредност: 6.200.000 денари
Финансиран од: Амбасада на Словенија и буџет на Општина Крива Паланка







7 Проект: Набавка на урбана опрема во градски парк и плоштад: клупи и корпи за отпадоци
Вредност: 2.600.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка





**8** Проект: Опремување на ТППЕ Крива Паланка со нови униформи и техничка опрема
Вредност: 2.000.000 денари
Финансиран од: УНДП и Буџет на Општина Крива Паланка








**9** По 4 години, извршена е набавка на комплетно нови униформи за припадниците на ТППЕ
Вредност: 300.000 денари
Финансиски средства обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка





**10** Обезбедена донација, опрема за ТППЕ Крива Паланка: работни униформи, ранци, даски за прва помош, алатки за отстранување стакло, воздушни перничиња, изолациони апарати, маскии и комплетно нови повеќенаменски ламби.
Донација од : Врхника, Словенија и „Камуфлаж“ по иницијатива на паланчанецот Дејан Миленковски.





**11** Проект: Реконструкција на објект на ЈП Македонија Пат и изградба на нов хангар
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: ЈПДП





12 Проект: Набавка на техничка опрема за културни настани и манифестации: монтажна бина, заштитни огради, тенди и столчиња
Вредност: 600.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка





13 Потпишан меморандум за соработка со двете културни институции од градот и извршено примопредавање на музичко-сценска опрема за успешна реализација на културните манифестации и настани во Општината





14 Проект: Уредување и опремување на ентериер во повеќенаменска сала при НУ Центар за култура
Вредност: 4.500.000 денари
Финансиран од: БЗРР





15 Проект: Изработена проектно-техничка документација за нов изглед на НУ Центар за култура
Вредност: 1.300.000 денари
Финансиран од: 800.000 денари - Министерство за Култура и туризам, 500.000 денари од буџетот на Општина Крива Паланка




**Признанија, награди и средби со најзаслужните, поединци, локални институции и организации.**

16 Посета на итните служби од општината во пресрет на новогодишната ноќ - искажана почит кон професионалноста во нивната работа и грижа за безбедност и заштита на граѓаните.






17 Новогодишен коктел за советниците, бизнис заедницата, соработници од различни области и општинските сужби, за успешна реализација на планираните проекти, развојот и напредокот на Општината. Во духот на соработката, заедништвото и сплотеноста во работата за нашата Крива Паланка.




18 Доделени плакети за најдобрите: пожарникар, полициски службеник и комунален работник.
Првпат во 2023 прогласени и најдобар воспитувач од градинката „Детелинка“, најдобар спортист и најдобар земјоделец во Општина Крива Паланка.






19 Одбележување на Денот на пожарникарите 20 Мај. Вложуваме во доопремување и кадровско доекипирање на единицата, секогаш со почит на нивната посветеност за безбедноста на граѓаните.






## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Општина Крива Паланка гради нови мостови на пријателства и ги негува воспоставените пријателства со збратимените градови. Го проширивме кругот на збратимени општини со 4 нови општини за 3 години и денес Крива Паланка има 14 збратимени градови-пријатели.**

1 Општина Грос-Цимерн, Германија







2 Град Лесковац, Република Србија





3 Град Сребреник,  Босна и Херцеговина






4 Отпочната постапка за збратимување со град Менамен, Р.Турција





5 Потпишани иницијатива и меморандум за збратимување со: Бузет, Хрватска и Врање, Србија




6 Градиме мостови на пријателства преку културата. Прием кај Претседателот на РС Македонија, Стево Пендаровски, со нашите пријатели од Сребреник, Ајдин Османовиќ и Јасмин Брашниќ, почитувачи и промотори на македонската музика и култура.





7 Меѓународна соработка со нашите Европски пријатели.
Продолжуваме да градиме партнерства за развој на општината.












9 Меѓународната соработка на општинско ниво интензивно се остварува преку имплементација на инструментот за претпристапна помош - ИПА на Европската Унија, со реализација на конкретни проекти и активности од интерес на локалната а и донации од меѓународните донатори и амбасади, преку културна размена со збратимените градови и пријатели на Општина Крива Паланка, како и низ постојаната комуникација со дипломатските преставништва во земјава, во контекст на развој и унапредување на Општината.

Меѓународната соработка на Општината е насочена кон креирање на квалитетни партнерски и пријателски односи, во функција на поддршка на економски и социјален развој и кохезија во локалната заедница и регионот.




















## ЗНАЧАЈНИ ПРОЦЕСИ ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА 2023/2024

1 Процес на масовна ре-проценка на имот на територија на Општина Крива Паланка

2 

Затвораме клучно поглавје во урбаното работење - воведовме динамички план за решавање на предметите за легализација на бесправно изградени објекти во Општината. Процесот е во завршна фаза.

3 

Воведување зонско паркирање во централното градско подрачје

4 Проект: Изработка на проектно-техничка документација за нови 5.5 километри локална патна мрежа во Крива Паланка, за локален пат во Крстата падина со мост на Крива Река и локален пат Градец - Осиче.
Вредност: 35.000 долари
Финансиран од: Програма за развој на Обединетите нации ( УНДП).

5 Отчетно и траспарентно работење во служба на граѓаните. Со анализа на Здружението за истражувања и анализи (ЗМАИ) - Индекс за отворени општини (ИОО).
Општина Крива Паланка е рангирана на високото трето место во државта по отвореност, отчетност, вклученост и правичност на општинскиот буџет.

Општина Крива Паланка е на врвот на табелата со највисок процент и за Даночната транспарентност во државата. Лидер-општина на ниво на Североисточен регион.

Според „Индексот на отвореност за 2024“ - Крива Паланка е високо на листата „Најотворени единици на локална самоуправа“ во државата со 58% отвореност, со високи перформанси во областа на доброто владеење: транспарентност, свесност, пристапност и интегритет, како и заеднички домен - отворени податоци.

Општина Крива Паланка се наоѓа на првото место во регионот и на четврто во државата, според мониторингот на веб страниците на Општините и Центрите за развој на планските региони, што го спороведува Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер на РС Македонија











| ранг | Североисточен регион<br>Општина | 60,80 % |
|---|---|---|
| 1 | Крива Паланка | 91% |
| 2 | Куманово | 77% |
| 3 | Кратово | 70% |

6 • ПРОШИРУВАЊЕ НА НОВИТЕ ГРАДСКИ ГРОБИШТА
• ИЗГОТОВКА НА ЛЕАП ЗА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
• ИЗРАБОТКА НА ЗЕЛЕН КАТАСТАР ЗА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

7 

Континуирано унапредување на дигиталните услуги за граѓаните - за побрзо и поедноставно остварување на правата преку мобилната и веб – апликација „мЗаедница“

## ОДЛИЧНА СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

1 Формиран Локален економски совет на Крива Паланка.
Локалниот економски совет е сочинет од: локалното стопанство, со општината, јавниот сектор и здруженија на граѓани, со цел идентификација и решавање на проблемите, размена на идеи за побрз економски развој на општината.







## УСПЕШНО И НАВРЕМЕНО САНИРАНИ ШТЕТИТЕ ОД НЕВРЕМЕТО

1 Со експресно, навремено и координирано дејствување на Општински кризен штаб успешно санирани настанатите штети од невремето во јуни 2023. Мобилизирани беа сите служби: ТППЕ, ЈП „Македонија пат“, ЈП „Комуналец“, економските оператори од градот и помош пружи инженерскиот вод на АРМ.
Со заеднички сили успевме да го вратиме кејот на Крива Река во првобитна состојба, за само 24 часа.










## СОДРЖИНА

ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ 3
КРИВА ПАЛАНКА ВТОР НАЈЧИСТ И НАЈЗЕЛЕН ГРАД ВО ДРЖАВАТА 4
КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА ЗА 2024 6
СЕРИОЗЕН ИСЧЕКОР ВО УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ 19
ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ПАТНА МРЕЖА 20
ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ТРОТОАРИ 29
ИЗГРАДАБА НА РЕЧНИ КОРИТА, ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ, РЕГУЛАЦИЈА НА ДОЛОВИ 30
РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕТТЕ ГРАДСКИ МОСТОВИ 33
ДЕТСКА ЗАШТИТА И ГРИЖА ЗА НАЈМЛАДИТЕ 34
ОБРАЗОВАНИЕ 35
СОЦИЈАЛНА ПРОГРАМА 38
СПОРТ И МЛАДИ 41
ДЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА 47
ДЕТСКИ КАТЧИЊА ВО ФАЗА НА РЕАЛИЗАЦИЈА 49
ИЗГРАДБА НА КАТНИ ГАРАЖИ И ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ 49
ИПА ФОНДОВИ 50
НАБАВКА НА ОПРЕМА И ОПРЕМУВАЊЕ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ 51
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 56
ЗНАЧАЈНИ ПРОЦЕСИ ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА 2023/2024 59
ОДЛИЧНА СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА 60
УСПЕШНО И НАВРЕМЕНО САНИРАНИ ШТЕТИТЕ ОД НЕВРЕМЕТО 60

Работам и ќе продолжам да работам со љубов  за нашата Крива Паланка,
за поубава општина – дом на идните поколенија.

Искрено Ваш,
Градоначалник
Сашко Митовски

НОЕМВРИ 2021 - НОЕМВРИ 2024